# МОЈОТ ДАНОК, ЗА МОЈАТА ОПШТИНА!

До подобри општини, со навремено подмирување данок на имот




USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

# ДАЛИ ИМАТЕ ИМОТ И ДАЛИ ИМАТЕ ДАНОЧНО РЕШЕНИЕ ЗА ИМОТОТ?

Како даночни обврзници за данок на имот се појавуваат физички и правни лица кои поседуваат имот во конкретна општина, која има законска обврска да изготви и да издаде детално даночно решение за данок на имот.

Доколку поседувате имот во одредена општина, тогаш автоматски сте даночни обврзници со законско право на даночно решение за вашиот имот, но, и законска обврска и лична должност е навремено да го подмирувате данокот.

# КАКО ВАШИОТ ДАНОК НА ИМОТ ПРИДОНЕСУВА ЗА РАСТ НА ВАШАТА ОПШТИНА?

Со редовното и навременото подмирување на данокот, секој од нас придонесува за општината постојано да расте, да се развива и да се модернизира.

Кога навремено го подмируваме данокот на имот, средствата од даноците го полнат општинскиот буџет со кој се реализираат сите планирани јавни и инфраструктурни проекти. Едноставно кажано, секој од нас лично придонесува за развојот на општината, која во иднина ќе ја красат:

- нови градинки
- нови игралишта
- нови улици
- ново осветлување
- нови училишта
- нови паркови
- еколошки проекти за користење обновливи извори на енергија
- проекти за индустриски развој

Даноците на имот придонесуваат општината да оди напред, постојано да расте и да се развива, а тоа понатаму значи поубава и посигурна иднина со можности за поквалитетен живот за нас и за идните генерации.

Најважно од сè е да бидете навремено и прецизно информирани за сите ваши права и обврски, како и правата и обврските на општината поврзани со вашиот данок на имот.

## ДАЛИ ЗНАЕТЕ ДЕКА...

- даночната стапка на данокот на имот е пропорционална и изнесува од 0.1 до 0.2 % од пазарната вредност на недвижниот имот?
- данокот на имот, односно даночното решение се изготвува и издава во истата година кога треба и да се подмири?
- даночното решение содржи детална пресметка за вашиот данок на имот?
- даночното решение секогаш гласи на еден даночен обврзник (односно на едно физичко или правно лице) за цел имот?
- доколку имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данок на имот, сразмерно на сопственичкиот дел?
- обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице кое е корисник на имот во случај сопственикот да не е познат или едноставно не е достапен?
- обврзник на данок на имот може да биде и плодоуживателот на имотот во согласност со законот?
- данокот на имот можете да го подмирите квартално во текот на истата година кога е издадено решението?

## КАКО ДА СЕ ОСИГУРАТЕ ДЕКА ВАШИОТ ДАНОК НА ИМОТ Е НАВРЕМЕНО ПОДМИРЕН?

**Еве неколку совети и факти кои ќе ви помогнат да бидете сигурни дека сè е во ред со вашето даночно решение и дека навремено сте го подмириле данокот на имот!**

- Проверете дали општините во кои поседувате имот имаат изготвено и доставено даночно решение за вашиот имот.
- Проверете ги вашите лични податоци, како, на пример, вашата адреса на која пристигнуваат даночните решенија и доколку има промени на податоците, известете ја општинската администрација.
- Проверете ја точноста на вашите лични податоци и деталната пресметка во вашето даночно решение.
- Доколку забележите дека не добивате даночно решение, обратете се кај општинската администрација, за да избегнете понатамошни законски реперкусии.




**Оваа информативна брошура е подготвена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на брошурата им припаѓа на Кардно Емергинг Маркетс САД, Лтд., и не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.**